**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од шестото продолжение на Осумдесет и осмата седница**

**На Собранието на Република Македонија,**

**Одржана на 15 јануари 2002 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала број 1, со почеток во 13,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководење Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

За збор се јави г. Златко Стојменов.

Повелете г. Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Јас имам процедурален предлог во врска со редоследот на работа за оваа седница.

Имено сметам дека точката од утврдениот дневен ред под број 31- Предлог за донесување на закон за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија, и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон, треба да го разгледаме најнапред пред сите закони, бидејќи сепак се работи за една обемна седница која има сто и една точка, неколку се обработени, и пак имаме за работа над 90 точки. Со оглед на актуелноста на овој закон, ургенциите што ги правеа членовите на Здружението на овие луѓе оштетени за време на војната, дојдоа кај претседателот на Републиката овие денови за што сме сведоци сите, со оглед на тоа дека е завршена расправата за законот и од расправата беше видливо дека главно сите партии имаат сличен став, односно сметаат дека еден ваков закон е потребно да се донесе, и имајќи го предвид изминатиот прериод во кој го чекаат овој закон да се донесе сите овие припадници и нивната положба, барам овој закон да оди напред на оваа седница, прв да го разгледаме, додека имаме едно добро мнозинство во салата кое би можело да го донесе овој закон денес, па да продолжиме по другите точки кои исто така се значајни, меѓутоа сметам дека оваа е најзначајна во овој куп на закони, кои се економски од меѓународната сфера и другите сфери на живеење на Република Македонија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Добро, имаме и претставник на Владата.

Предлогот на г. Стојменов го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, за гласале 52, воздржано гласале 6, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека предлогот на г. Стојменов е усвоен.

Господинот Положани сака исто така да земе збор.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Благодарам г. претседателе,

Добро, штом има можност така поради разбирливи причини, мислам дека уште една точка е таква која што мислам дека треба да се разгледа меѓу првите, а е врзана со ратификацијата на Договорот со Република Албанија, односно притисокот од тие што очекуваат од оваа точка да си ги задоволат своите права во Република Македонија е огромен, и мислам дека веќе кога е постигнат договор...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, која точка е?

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Ве молам и оваа точка да ја ставиме на ред после таа точка што г.Стојменов ја предложи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Која точка е на ред?

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Деведесет и шеста точка е на ред, да се стави после оваа одредената, и да завршиме со овој проблем кога веќе има Договор, ве молам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на г. Положани, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, за гласале 14, воздржано гласале 22 пратеници, и против гласале 23 пратеници.

Не е прифатен предлогот на г. Положани.

Ве молам да се утврди точниот број на присутни пратеници во салата.

Вкупно гласале 59 пратеници.

Шеесет и еден пратеник се присутни во салата. Според тоа констатирам дека предлогот на г. Положани не е усвоен.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господа пратеници,

Приморан сум да земам збор уште еднаш, затоа што навистина стварно сум разочаран од таквото гласање, и неразбирливо ми е како овој Парламент реагира на еден начин за одредена точка, а на друг начин за друга точка која е од ист карактер и се сака да се стави на дневен ред. Ако се сака да не се донесе законот, ако е тоа знак дека ова Собрание не сака да ја ратификува оваа точка, мислам дека може и така се коментира, а да не се прифати да маките на овие луѓе што очекуваат од оваа веќе договорена Спогодба и веќе потпишана спогодба, да се даде на дневен ред, значи после таа точка што се предложи, мислам дека е и несватливо и неразбирливо и мислам дека ме тера да размислувам дека воопшто нема волја да се донесе оваа ратификација која што, уште еднаш да кажам веќе е потпишана, веќе има политичка согласност, помината е принципиелно, и навистина не го разбирам таквото гласање на моите колеги за што моето разочарување ќе го покажам и спрема гласањето на другите закони што се тука. Тоа воопшто не е фер и не е во духот на тоа што тука треба да надвладее.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде се работи само за приоритет, поместување на редоследот. Не градат однос луѓето кон предлогот за ратификација, впрочем тоа е даден предлог од Владата.

Минуваме на точката 31 - Предлог за донесување на закон за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон. Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, за гласале 62 пратеници, воздржано никој не гласал, и против никој не гласал.

Констатирам двка Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, за гласале 61 пратеник, воздржано гласале 2, и против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој № бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Златко Стојменов поднесе амандмани за додавање нов член 22-а по член 22, член 7, за менување на точката 3 и за додавање нова точка 6 по точката 5, на глава 2 во насловот на точката 3 и на член 11 став 1, 2 и 3, член 16 став 1 и на глава 2 за додавање нова точка 5-а и нов член 16-а по членот 16, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за менување на точката 3 и за додавање нова точка 6 по точката 5, поднесен од пратеникот Златко Стојменов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Мислам не би можел во овој момент околу овој амандман да се изјаснам, затоа што немаме материјал. Немам материјали за овој закон и ги немам добиено амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза за да се доставaт материјалите. Седницата прекина во 13,50 часот. Предлагам пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 13,50 до 15,35 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесет и осмата седница, имаме доволно пратеници.

Ве молам сега имаме амандмански претрес по точката 31.

Отворам претрес по амаднманот на член 7 за менување на точка 3 и за додавање нова точка 6 по точката 5, поднесен од пратеникот Златко Стојменов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Само момент, една консултација. Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Бидејќи на сите пратеници во Собранието им пристигна мислењето на официјално регистрираното здружение кое се бори за правата односно кое размислува за посебните права на припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства и во согласност со нивните предлози и размислувања кои дојдоа до сите пратеници е и овој член од Законот во кој сакама да ја прецизираме точката 3 - стан под закуп да биде стан под закуп и станбено згрижување. Значи, бараме и станбено згрижување - конечно згрижување, тоа е попрецизната форма која ја бараше ова здружение и кое е преточено во ваков амандман и се додава точка - семејна пензија, како додатно право што мислам дека е во согласност со политиката на Владата, во согласност со политиката на Собранието, сепак да даде привилегии кои ги заслужуваат семејствата на загинатите борци и на борците инвалидизирани во оваа несакана војна во Република Македонија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по аман-дманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, од кои 41 за, 15 воздржани и 13 против.

Констатирам дека амандманот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на Глава II на насловот на точката 3 и на член 11 став 1, 2 и 3,поднесен од пратеникот Златко Стојменов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Би сакал од предлагачот, доколку може, да го појасни или му е несоодветно решено станбеното прашање. Што значи тоа? Инаку во амандманот 2 првиот став веќе е содржан во првиот амаднман. Тука нема што да се изјаснуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали уште некој бара збор?

Господин Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Пак е еден од амаднманите на истото здружение и е преточено во согласност со постојните законски регулативи во оваа свера, но мислам дека главната поента на овој амаднман заради кои се предлага е тоа дека во рок од една година, од денот на влегување во сила на овој закон се вметнува во овој член и со тоа се дава една обврска на Владата во еден ограничен конкретен рок да ги реши овие проблеми од станбената свера на припадниците на безбедносните сили и на нивните семејства.

Околу прашањето или му е несоодветно решено станбеното прашање, тука веројатно со акти на Владата или со подзаконски решенија би можело да се регулира тој аспект или со комисија која би ја формирало соодветното министерство за оценка на состојбата.

Инаку, во самото Министерство за труд и социјална политика постои Дирекција која ги евидентира овие лица и која сепак има увид во нивната состојба станбена и секаква друга така што мислам дека Владата има средства ова да *то* спроведе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? Има збор претставникот на Владата.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Мислам дека не добивме одговор што значи терминот или му е несоодветно решено станбеното прашање. Што значи тоа? Инаку, во врска со рокот нема проблем, но што значи несоодветно решено, да биде прецизно кажано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, од кои 30 за, 21 воздржан и 16 против.Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амаднманот на член 16 став 1, поднесен од пратеникот Златко Стојменов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес на Глава II за додавање нова точка 5-а и нов член 16-а по членот 16, поднесен од пратеникот Златко Стојменов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по аманд-манот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои 20 за, 24 воздржано и против гласале 19 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амаднманот за додавање нов член 22-а, по членот 22, поднесен од пратеникот Златко Стојменов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитувани колеги пратеници, апелирам да го изгласаме овој амаднман, бидејќи се работи за правата кои ги утврдуваме со овој закон за припадниците на безбедносните сили и нивните семејства истите права да важат и за припадниците на безбедносните сили од Република Македонија кои слични жртви бранејќи го уставниот поредок и законот на Република Македонија настрадаа во војната на бившите југословенски простори. Тоа се македонски војници, македонски граѓани од хетероген национален состав точно евидентирани во Министерството за труд и социјална политика некаде 120 до 150, не ја знам точно бројката, знам дека од албанска националнос има 20 и повеќе, тоа се луге воглавно инвалидизирани, а тука спаѓаат и луѓе загинати оние 40 и нешто војници загинати во војната на просторите на Хрватска, БиХ и други делови при распадот на СФРЈ.

Сметам дека Република Македонија треба да покаже доблест кон сите кои во минатото, а и во иднина ќе треба да ја бранат Република Македонија согласно позитивните законски прописи.Тие луѓе согласно позитивните законски прописи ги бранале уставниот поредок и положбата на тогашната Република Македонија и чесно ги извршиле своите граѓански должности кон РМ и од тој аспект сметам дека пратениците во Парламентот треба да застанат зад овие луѓе и дека и тие треба да ги добијат ваквите права.

Инаку, од контактите со овие луѓе и со нивното здружение исто така имаме сознание дека се работи за тешки социјални случаи кои се инвалидизирани во оваа војна и ако оваа прилика не ја искористиме како Парламент на РМ да ги згрижиме овие луѓе заради инвалидитетот стекнат во една војна која не била нивна, а служеле почитувајќи ги Законот и прописите во РМ стекнале инвалидитет и не можат да го издржуваат своето семејство и РМ кон овие луѓе треба да се однесува со должен пиетет и должност а ги заштити овие лица кои учествувале во овие воени дејствија. Мегу нив има инвалиди од тежок степен кои не се способни апсолутно за никак-ва работна обврска и тој инвалидитет е сто посто стекнат во тие војни.

Сметам дека хуманоста на нашето општество е барем толкава да можеме да собереме сили овде да изгласаме тие 150 кои се евидентирани што е добро, од Дирекцијата која постои при Министерството за труд и социјална политика и со тоа е затворена можноста за идна манипулација на списокот кој постои и сметам дека Собранието не треба да размислува за тоа дали треба на овие луѓе да им се помогне и дека е должност на РМ да ги згрижи овие луѓе дури сметам дека се достојни со еден гест кон тие луѓе, кон тие бранители на уставниот поредок и на луѓето кои чесно си ја извршиле граѓанската должност кон својата татковина.

Затоа уште еднаш апелирам до пратениците со посебно внимание да пријдат кон овој амандман и да гласаат за исправање на една долгогодишна неправда на овие луѓе и за почитување на нивните основни граѓански права односно права за егзистенција во едно општество какво што е нашето Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господинот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, сакам да го соопштам ставот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по однос на амандманот што сега е актуелен. Имено, потенцирам дека пратеничкат група на ВМРО-ДПМНЕ немаше можност да стапи во непосреден контакт со Здружението на инвалидите од војната на Бивша Југославија, но слушајќи го образложението на овој амаднман, ние како пратеничка група заземаме позитивен став по однос на овој амандман и ќе го поддржиме.

**СТОЈАН АНДОВ**:(Продолжение)

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој на бара Збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на галсање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, за гласале 71 пратеник, вроздржано гласале 2 пратаника, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека амандманот е усвоен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидајки никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Вкупно гласала 69 пратеници, за гласале 62 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник, против гласале 6 пратаници.

Констатирам дека Собраниато го донасе Законот за посебните права на припадниците на базбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства.

(Претседателот на Собранието Стојан Андов му предложи на потпретседателто на Собранието, Томислав Стојановски да продолжи со седницата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Минуваме на точка 5.

Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој (ИДА) по Договорот за кредит за проектот за подобрување на водоснабдувањето, со Предлог на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор има министерот.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Општиот претрес поминат е по овој закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме, не е заклучен.

Молам, дали некој друг бара збор?

Г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Само за да не направам некоја катастрофална грешка, дали се работи за задолжувањето кај ИДА по Проектот за подобрување на водоснабдувањето, тој закон во општиот претрес.

Само сакав да го соопштам ставот на Пратеничката група на СДСМ. Образложение нема да давам затоа што во претходниот Закон кој што се однесуваше за истата намена, само беше кај ИБРД, кај Меѓународната банка за обнова и развој, а сега се работи за истиот Закон кај Меѓународното здружение за развој ИДА, ние тога ги дадовме причините вов рска со нашите размислувања за овој закон и останува ме на нив. Тоа значи дека ндма да го подржиме донесувањето на овој закон ни во првата фаза, се разбира не ја гледаме целта за неговото донесување, така што ќе гласаме против.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Благодарам г-дине претседателе.

Уште на почетокот да кажам дека воопшто не спорна подршката од страна на Владата, туку е спорно нешто сосема друго. Тоа што е спорно е ова што ќе го кажам во понатамошното излагање. Имено, ние практично бараме кредит од ИДА. Тоа е Меѓународно здружение за развој, кој ако го прочитате тој статут на Здружението, ќе видите дека ова Здружение постои за финансирање на структурните објекти на најсиромашните земји на светот. Тука постои лимит кои земји можат да добиваат кредит, секако по поволен кредит од ова Здружение. Практично, условите се поволни. Бидејки претпоставката е дека се работи за најсиромашните земји во светот, рокот за враќање на кредито е 35 години и е

поволен, грејспериодот е 10 години и воопшто нема камата. Значи, тоа е бескаматен кредит. Ова за мене е многу спорно, бидејки практично ние како земја сме паднати на ранг на земји кои ги исполнуваат условите, секако, долниот лимит на условите, тоа е сиромаштијата, за да се здобиеме со право на користење на кредит од ИДА односно од Меѓународното здружение за развој. Тука постои и една друга нелогичност или алогичност ако сакате, тоа е нашите претставници од Владата, од Министерството за финансии на сите страни се ангажираат да убедуваат структури меѓународни или функционери кои ги водат овие структури, како што е и Здружението за развој, за да добиеме некој кредит, а во моментов кредитот е 13, 1 милион долар, а од друга страна ние фактички недомакински ги користиме парите кои ги имаме, било од приватизација, било од другите извори односно од даночните обврзници. Што всушност сакам да кажам? Нели е контрадикторно ние толку да се понижиме пред меѓународните структури за добивање на вакви поволни кредити, дури паѓаме и на колена за да ги убедиме дека ние веќе ги исполнуваме сиромашните услови за добивање на такви поволни кредити од ИДА, а од друга страна ние не домаќински последниве 3 години зборувам за тие години, од приватизација или продажба по договор, да кажам, на Окта, на Телеком, на Бучим и бројни прретпријатија, вкупно во сума од милијарда и 200 милиони германски марки и тие кои знаат економски да резонираат пресметале дека со таква сума практично можат да се кредитираат илјада претпријатија со милион и 200 илјади марки. Тоа значи дека 100 илјади нови дирекно вработувања, нови вработувања и 100 илјади и други индирекни вработувања со тие пари, а пак тие пари ќе ни се враќаат назад, затоа што државата ќе ги дава како кредит.

Одтука, не држат констатациите дека тие пари веќе се потрошени или исчезнале поради безбедносните причини кои на Македонија и се случија минатата година, од причина што, пак наведувам, тие кои знаат да пресметуваат економски, професионално економски, знаат да кажат дека само финансиските трансакции, делот од воениот данок 0,5% просечно се плаќа 5 или 6 пати повеќе, тоа значи 3 или 4% или пак 5%, се собрани околу 200 милиони долари пари кои беа потрошени реално во минатата година за безбедносни причини. Тука се поставува прашање каде се милијарда и 200 милиони германски марки пари, кои повторно ќе спомнам, дека ќе придонеле за побрз економски развој и за вработување на најмалку 100 илјадиу лица односно дополнително 100 илјадиу други лица индирекно.

Да заклучам, ние тука мора јавно да признаеме дека веќе со самиот факт што прифаќаме да се кредитираме од ИДА, Меѓународното здружение за развој, ние практично спаѓаме во категоријата на најсиромашните земји во светот. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувамопштиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувампретресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ги молам колегите кои се надвор од салата да влезат, за да можеме да гласаме.

Минуваме на гласање.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 47 пратеници, воздржани гласале 6 пратеници, против гласале 18 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој (ИДА), по Договорот за кредит за Проектот за подобрување на водоснабдувањето.

Процедурално за збор се јави пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Барам подршка од 10 пратеници, затоа што мислам дека објективно нема ни 55, а не 69 пратеници и се сомневаме, ама реално се сомневаме, не заради некакви други причини во гласањето и барам подршка за поединечно гласање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас незнам дали сега ова ќе држи, затоа што прогласувањето после тоа го направивте. Се прогласија резултатите по овој закон. Но, во ред, дали имаш подршка од 10 пратеници.

Има подршка од 10 пратеници.

Ве молам подгответе се за поединечно гласање.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА:**

ЈОНУЗ АБДУЛАИ-отсутен
АБДУРАХМАН АЛИТИ-отсутен
АБДУЛА АЛИУ-отсутен
ЌАНИ АЛИУ-за
МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ-против
СТОЈАН АНДОВ-отсутен
КИРИЛ АНДОНОВСКИ-за
МАГДАЛЕНА АНТОВА-ВЕЛЕВСКА-против
ЉУПЧО АНУШЕВ-отсутен
АМДИ БАЈРАМ-за
ДЕМУШ БАЈРАМИ-за
ФАДИЛ БАЈРАМИ-отсутен
ДИМИТАР БАТКОСКИ-за
МЕРСЕЛ БИЉАЛИ- против
ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА-отсутна
ЈОРДАН БОШКОВ-за
ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ-отсутен
АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ-отсутен
СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ-за
ВАСИЛ ГАЏОВСКИ-за
МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ-за
ТРАЈКО ГЕШОСКИ-за
АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ-против
ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ-за
ПЕТАР ГОШЕВ-отсутен
СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ-отсутен
ЗАМИР ДИКА-за
ВАНЧО ЃОРЃИЕВ-отсутен
ИЛИЈА ГОРГИЕВ-отсутен
ФАТМИР ЕТЕМИ-отсутен
ВАСИЛ ЕФТИМОВ-за
НАСЕР ЗИБЕРИ-отсутен
ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО-отсутен
МИРКО ИВАНОВ-против
ИЛИЈА ИЛОСКИ-против
ДЕЛЧЕ ИЦКОВ-отсутен
ЖАРКО ЈАНКОВСКИ-за
НИКОЛА ЈОВАНОВ-воздржан
ВЕСНА ЈОВАНОВСКА-отсутна
МАРИКА ЈОРДАНОВА-за
НАЗМИ КАДРИУ-отсутен
РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ-отсутен
ЖАРКО КАРАЏОСКИ-за
РЕНАТА КЕРПИЧОВСКА-БОШЕСКА-за
МИТКО КИРОВ-за
ЛАЗАР КИТАНОСКИ-отсутен
САВО КЛИМОВСКИ-отсутен
СТОЈАН КОВАЧЕСКИ-против
ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ-за
ИЛИЈА ЛАЗАРОВ-отсутен
ГОРАНЧО ЛАЗОВ-за
БИЛАЛ ЉУТФИИ-за
ЈАНИ МАКРАДУЛИ-против
ВАСЕ МАНЧЕВ-за
НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА-отсутна
ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА-за
ДИСПИНА МАРКОВСКА-за
ЗВОНКО МИРЧЕСКИ-отсутен
ДРАГАН МИТЕВСКИ-отсутен
КИРИЛ НАСТЕСКИ-против
РУБЕНС НАУМОВСКИ-за
ГОРАН НЕВЕНОВСКИ-за
ЛАТИФ ПАЈКОСКИ-против
АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ-за
ВАНЧО ПАНЧЕВ-отсутен
ИЛИЈА ПЕМОВ-за
ТИТО ПЕТКОВСКИ-против
ЧЕДО ПЕТРОВ-отсутен
ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ-за
АЗИС ПОЛОЖАНИ-отсутен
СТОЈАН ПОПОВ-отсутен
ЉУБОМИР ПОПОВСКИ-против
НИКОЛА ПОПОВСКИ-против
ИЛИЈА ПРАНГОСКИ-за
ИСМЕТ РАМАДАНИ-отсутен
ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ-за
НЕНАД РИСТОВСКИ-воздржан
АЦЕ САЈКОСКИ-за
АСЛАН СЕЛМАНИ-отсутен
БОРЧЕ СИБИНОВСКИ-отсутен
ВАНГЕЛ СИМЕВ-за
РИСТО СПАНАКОВ-за
КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ-отсутен
ЃОРЃИ СПАСОВ-отсутен
МИЛАН СТАВРЕВ-за
НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ-отсутен
ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ-за
ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ-за
БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ-против
ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ-за
ВЛАДО СУГАРЕВСКИ-отсутен
ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ-отсутен
РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ-отсутен
МУХАМЕД ТАИРИ-отсутен

АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ-за
МЕВЉАН ТАХИРИ-отсутен
МИТКО ТИЛЕВСКИ-за
ЃОРГИ ТОДОРОВ-отсутен
РИСТО ТОДОРОВ-против
ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ-за
ПАНДЕТОМОВ-отсутен
КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ–отсутен
ГОРАНЧО ТРАЈКОВ-за
ТАНАС ТРАЈКОВСКИ- отсутен
АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ-отсутен
БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ-против
СЛОБОДАН ЌОСЕВ–за
ТАКИ ФИТИ–отсутен
АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ-за
ИЛЈАЗ ХАЛИМИ-за
БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ-отсутен
СЕЈФЕДИН ХАРУНИ-воздржан
КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА-отсутен
БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ-отсутен
МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ-за
ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ-против
АРБЕН ЏАФЕРИ-отсутен
ШАХИЌ АЛИЈА-отсутен
РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА-отсутна

Дали некој во меѓувреме не го искористил правото за гласање.

ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ воздржан

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Според резултатите од гласажето, вкупно гласале 67 пратеници, за гласале 46 пратеници, 17 против, и четири воздржани.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој (ИДА) по Договорот за кредит по Проектот за подобрување на водоснабдувањето.

Минуваме на точката шест, Предлог за донесување на закон за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој (ИДА) по Договорот за кредит по Проектот за развој на општините и културата, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој (ИДА) по Договорот за кредит на Проектот за општините и културата.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, за гласале 45 пратеници, воздржано гласале 13 пратеници а против е еден пратеник.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(службите вршат пребројување на пратениците)

Ги молам колегите, после гласањето навистина излегоа надвор, ги молам да влезат во салата.

Ги повикувам колегите да влезат во салата за гласање.

Ги молам колегите кои се надвор од салата да влезат.

Ќе ги молам присутните уште еднаш да притиснат на копчето за гласање.

(пратениците гласаат)

Ако вака остане и понатаму, ве молам, ќе ја прекинам седницата и право за надомест на трошоци ќе имаат оние кои се присутни во овој момент.

Ги повикувам пратениците уште еднаш и после ова гласање ќе се прекине седницата, ќе продолжиме утре. Оние кои се присутни, ним ќе им бидат платени трошоците.

Ве молам, притиснете едно од копчињата за ваша присутност во овој момент.

(пратениците влегуваат во салата)

Ве молам, вклучете го системот за гласање.

Ве молам да гласаме бидејќи влегоа и други пратеници.

Вкупно гласаа 75 пратеници, од кои 54 за, 21 воздржан, а против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, од кои 49 за, воздржани 17, а против еден.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Јас навистина би сакал да обрнам внимание на законот што го расправаме и што евентуално може да се донесе и на намените за кои во овој случај Владата на РМ има намера да се задолжи кај Меѓународното здружение за развој.

Имено, ако само го видите и насловот на Проектот за кој што се склучува договор за да се задолжи РМ, па макар и на сума каква што е од 4 милиони специјални права на влечења, така се вика, ќе видите дека е тоа, според мене, закон што, навистина, закон за задолжување и задолжување што не заслужува во Македонскиот парламент да добие поддршка да се повлечат парите од Меѓународното здружение за развој.

Прво, самиот Проект се вика Проект за развој на општините и културата. И покрај тоа што проектот е со мали пари, со поволни услови и има неколку работи што се, условно да кажам причина за недонесување на законот:

Прво, ова не е закон за задолжување што е во насока за развој на економијата, на стопанството или пак се задолжуваат субјекти што после можат да го враќаат долгот за што Македонија дава гаранција. Имено, се работи за закон во чиј член 6 пишува децидно дека РМ кредитото од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на РМ во идните 25 години послЅ истекот на грејс периодот. Совршено станува јасно дека земаме кре-дит чие покривање ќе бидат даночните средства од граѓаните и стопанството и ќе биде исклучителен товар на Буџетот.

Меѓутоа, тоа што мислам дека е најстрашното се причините

заради кој се повлекува кредитот, Меѓународен кредит на РМ. Сега, слушајте ги само кои се проектите што од тоа ќе се финансираат:

- Како прво е интегриран развој на локалитетот на општините, што ќе се дефинира со планови за подобрување на менаџмент на локалитетот. Значи, за да го подобриме менаџментот на некои локалитети на нашите оп-штиони земаме меѓуанроден кредит што ќе го враќаме од Буџетот;

- Втора причина е поддршка на маркетингот на локалните услуги и продукти;

- Третата причина е институционален развој на национално ниво и особено тоа го вклучува, слушајте внимателно, минеџментот на локано ниво;

- Понатаму е регистар за културно наследство;

- Потоа поддршка на локалните организации;

- Обука на локалната власт;

- Па за да товарот и иронијата биде најголема, кредитот вклучува и обука на единицата за инплементација на проетот што ќе биде административна единица во рамките на Министерството заклутура.

За сето ова ние треба да направиме макар и мало, меѓутоа во нашата задолженост ѕидот е изграден со ставање цигла на цигла, за ова треба да повлечеме Меѓународен кредит.

Самиот кредит ќе повлече нето обврски на Буџетот на РМ и, освен што ќе повлече одбврски на Буџетот за плаќање на кредитот ви Буџетот треба да се обезбедат уште 586 илјади долари за да се финансира целокупната имплементација на проектот, чија имплементација зависи и од меѓународниот кредит. Што значи дека причините, прво, заради кои што овој проект се предлага - развој на општините, после усвојувањето на уставните амандмани, после расправата за Законот за локална самоуправа, во кој локалната власт и општините не само што нема да имаат проблем за својот развој и проблем за управуваше со својот локалитет, ниту пак проблем, како што овде пишува менаџмент, маркетинг на локалитетите и тн., туку ќе имаат, јас ве уверувам и многу ресурси за својот развој затоа што голем дел од државните надлежности се пренесуваат во веќе не така кревко организираните општини.

Ако се има предвид новата поставеност на општините, апсолутно ви тврдам дека овој проект е сосема непотребен. Само ќе го товари во наредните години Буџетот на Република Македонија со непотребни издатоци што ќе се потрошат откако ќе се добие кредитот во рок од ена година, ако не и шест месеци, а товарот ќе го отплаќаме со години, без апсолутно никаква потреба. Се разбира не ми е, туку некоја влада што ќе дојде на политичката сцена, а во основа тоа ќе бидат граѓаните на крајот на краиштата после 10 години од гласањето денеска.

Затоа мислам дека Владата, во една држава што важи за држава што не е

ниско задолжена, туку напротив средно или високо задолжена, треба повеќе да води сметка за тоа со што ги задолжува своите даночни обврзници катадневно во собраниски и владини процедури како оваа. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави господинот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Колегата пратеник, обавувајќи ја функцијата едновремено потпретседател на Собранието на Република Македонија, господинот Томислав Стојановски не прашува и шепоти овде, а сакам да ми одговорам, Томе, колку пари од овој кредит ќе се издвоиле за тутунопроизводителите? Тоа ли е прашањето?

Не, јас ова го прашувам, оние што шверцуваат цигари колку пари заработиле на сметка на тутунопроизводителите? Тва не е смешно, затоа што таа категорија на луѓе се мачи работи 12 месеци и не може за основна егзистенција да заработи, а некој од еден камион шверц на тутуни цигари заработува за 100 години.

И сега, на сметка на тутунопроизводителите стотина илјади луѓе кои егзистираат и се мачат, ние се шегуваме во овие парламентарни клупи. Јас таква шала, господине Стојановски, не прифаќам. На моја сметка може и да ме репресирате и што да ми направите, но на основа на тие кои се мачат 12 месеци за една егзистенција, такви шали ве молам не прифаќам, а особено што сум јас пратеник избран од гласачи кои се поголем дел тутунопроизводители.

Сега да се осврнам на прашањето, бидејќи оваа тема е многу битна не за развојот на Република Македонија, не за развојот на културата, Предлогот на законот што се дава за задолжување на Република Македонија, туку воопшто за државата. Во основа, во најмала рака ќе бидам воздржан или против законот, а ќе кажам зошто.

Ако се сеќава министерот за финансии, односно неговиот заменик што е овде, јас дискутирав, секој адекватен, поволем кредит, кога велам поволен без разлика дали е милион, 20 милиони еври или 100 милиона евра, кога се дава грејс период од 20 години со поволни камати, барем оној кој најмалку се занимава со финансии, јас би рекол и домашни финансии може да рече дека е поволен кредитот затоа што кај било ко-ја банка најповолен кредит што го даваат во Република Македонија 17-18-20 и ако не се врати благовремено ќе биде 32% на годишно ниво.

Но, се залагам, сега сакам најдобронамерно да ме сфатите господо пратеници, и вие кои партиципирате во Владата на Република Македонија, кои гласате за секој министер, за секој заменик и за секој службеник кој учествува во власта.

Дали во овој момент на Република Македонија и треба задолжување. Република Македонија е задолжена со милијарда 415 милиони долари американски, а за овие два месеци верувам дека тоа е над милијарда 715 бидејќи секоја седница ние Република Македонија ја задолжуваме. Тоа што значи.

Тоа значи Република Македонија ние ја задолжуваме а како ќе се враќаат тие кредити, милијарда ипол милиони долари не е битно дали ќе биде нашата Влада, дали ќе биде наредната, односно нашите генерации кои сеуште не излегле на бел свет. Тука ни е многу лесно да гласаме и да ја задолжуваме Република Македонија бидејќи некој после 20 години за нас ќе враќа. Не дај Боже некој можеби и на овој бел свет од нас нема да биде тогаш присутен. Тоа е истата судбина што пред 20-30 години што Македонија ја задолжувале со еден политички потпис или квази менаџмени бизнисмени, потпишувале, ја задолжувале Република Македонија и сега оваа генерација, ние овде на некој начин го носиме товарот. Кој бил поморален, дали оние што ја задолжувале Република Македонија пред 20- 30 години или ние сега што ја задолжуваме. Јас ќе кажам грешката е иста, но оние што ја задолжувале пред 20-30 години можеби немале толку видици, визии, желбата, спремноста да се направи во Република Македонија, еве од могја страна можам да речам белки е опростено. Но ние денес само да гледаме нагоре или да разговараме да ја задолжуваме Ре-публика Македонија, а да немаме визија како тоа ќе се враќа дали после два дена, дали две години, 20 години, тоа е неопростиво за било кој пратеник, за било која власт, за било кој граѓанин така што размислува. Тоа е филозофијата, девизата после нас потоп. Јас со такво размислување на економски принципи, на сите начела што значат принципи во економијата во развојот на Република Македонија не го поддржувам. Зошто? За последните години, немојте господо да мислите само за вашите фатални

три години што каде фативте се исушивте, се погребавте и јас велам и за претходниот период. Зошто не излеземе со анализата знаеме. Ги приватизиравме претпријатијата кои чинеа 100-тина милиони марки, евра, долари за дисконт од 90%, 98 и 99%. Фирми кои се задолжувани во Република Македонија со стотина милиони долари ние ги продадовме за два, три до четири милиони марки. Но, пак со претпоставката дека во тие фирми не само што ќе се вработат, ќе има нови вработувања и тн. Што се случи? Тие фирми си пропаѓаат, основните средства се продаваат а Република Македонија од тие пари минимално 5%, 2% или 10% никаква корист нема. Кажете каде средствата се усмерија од ОКТА. Тие милиони долари што ја продадовме рековме во ново вработување, во нови технологии, во нови капацитети ќе вработиме 100, 200, 500 илјади и гревот доколку има земено провизија евентуално, па ќе кажува нови вработувања, нови егзистенции. Дискутирав за Телеком, се продаваше во ноември-декември кој веќе имаше 200 милиони марки дивиденда, и тогаш дискутирав, бев против за продажбата, но ако се продаде парите да се усмерат во тоа, во тоа, во тоа. Стенограмот стои, знам како пратеник кој сум се занимавал во индустриската пракса со некаква си економија, практична економија, таа што е опиплива, а не теоретска. Тоа ништо не се случи. Ние средствата ги усмеривме...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа не е предмет на расправа господине Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Само малку господине потпретседателе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не малку, туку одиш таму каде што не ти е место. Зборувај за законот, ако не ќе ти го одземам зборот.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Добро за законот. Очигледно дискусиите што не ви одговараат, мислам не би го поддржал законот затоа што на Република Македонија и треба задолжување за нови капацитети, за нови технологии, за нови вработувања. Сака филозофијата на размислување на било која власт, а посебно на актуелната власт да биде тоа што на луѓето им треба егзистенција. Им треба минимална плата за да проживеат. Затоа треба да се размислува во овие парламентарни клупи да се усмеруваат средствата за нови вработувања. Има семејства во кои никој не е вработен со години, со титули, со занаети, со образование, а ние како Парламент, како Влада на Репуб-лика Македонија, било која Влада ние мораме за тоа да размислуваме. Не сум против за задолжување, но да се направи приоритет од страна на Владата на Република Македонија и овде да расправаме ние за нови вработувања. Немојте да мислите дека деструктивно, непринципиелно се однесуваме. Моите дискусии секогаш биле, непријатно е чувството веќе да се движиш по улиците. Во мојот град Радовиш, општината во последните три години 1000 невработени е зголемена бројката. Замисли што е тоа. А да издвоиме некој милион марки од приватизации, од кредити, да вработиме 200, 300, 500 луѓе и јас лично ќе бидам посреќен. Во тоа е дискусијата господо од власта, нека дојдат министрите овде да кажат како оваа Ре-публика ќе се развива, како ќе се враќаат кредитите со кои ја задолжуваме после 20 години. Затоа во најмала рака ќе бидам воздржан и ќе бидам против секое задолжување на Република Македонија затоа што обичниот граѓанин од ова нема никаква корист.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот...

За збор се јави Петровски Томислав.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Господине потпретседателе мислам дека овој говор е навистина врв на една демагогија. Од каде волкав долг на македонија, за колку време е направен? Ние ли го направивме овој долг? Зошто сега се се става на наш грб?

Само ова би прашал ништо повеќе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по предлогот...

Ве молам, или се пријавувајте на време или не се јавувајте после откако ќе почнам да говорам.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Се извинувам потпретсеателе што се јавувам така. Најмалку мислам дека треба демагошки да се однесуваме.

Сакам пред овој парламентарен дом да дискутираме со аргументи. Господине

колега од Охрид морам да ви кажам јас се занимавам во индустриската пракса ни повеќе ни помалку 25 години. Ни приватно ни службено на било која функција и овој парламентарен дом не сум го задолжил ни марка, ни динар, ни денар ни долар, ни евро. Затоа јас имам кредит да дискутирам овде, а оние што ја задолжувале Република Македонија нека ја мислат и нека одговараат за тоа. Но, мислам дека го делам и вашето мислење - ние треба филозофијата на размислување да ја надминуваме од секогаш, а посебно од овој момент. Маста е критична. 350 илјади граѓани вработени во Република Македонија. Уште толку жибеат на работ на егзистенцијата. Ние создаваме општество на елита на бизнисмени и елита на политичари а тоа претставува ништо повеќе од 5%. Зарем ние можеме да протежираме овде 95% граѓани на Република Македонија, без разлика на партиската, национална или било која верска припадност очекуваат од нас подобри решенија за подобар живот. Затоа немојте да ме етикетирате ни партиски, ниту бо било кој основ, и јас зборувам со силата на аргументите.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Господине потпретседателе, мислам дека дегутантно е ова веќе, правиме муабет за кредит, правиме муабет за кредит што треба да се земе, а каде е готовината. Десет години поминаа од нашата самостојност. Колку години сме ние на власт, колку години беа тие и кој ги направи овие кредити и ова задолжување. Ова треба целата македонска јавност да го знае.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Па, по два пати користевте. Ако сакате да правите инвентарен попис викнете се надвор па си направете.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Господине потпретседателе дали да реплицирам, или да правам попис на инвентарот. Вие во што припаѓате, во инвентар, во пратеник, или потпретседател. Вие ги вреѓате моите 8000 избирачи кои се на работ на егзистенцијата. Јас моите импресии сега и понатаму не ги трпам. Со таква импровизација на економската политика на Република Македонија Македонија нема да ја дочека 2022 година и вие овде да ги исмејувате граганите, нашите бирачи, никој не ви го дава тоа право. Јас можеби и 2020 гидина да ја доживеам. Вие можете и 40 години да живеете, ние мораме да го оправдаме мандатот со нашите потези. Со такви потези не се оправ-дува мандатот.

Благодарам и ве молам како колега, како рамноправен пратеник и што ја имате одговорноста немојте да не вреѓате нас. Вие можете нас да не репресирате, но со тоа ги вреѓате моите бирачи 8000 кои ги има, а не се само 8000 и на сите добронамерни граѓани на Република Македонија ние овде ги застапуваме. Благодарам и не се јавувам трет пат, па како сакате наречете ме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам и уште еднаш сфатете дека не треба така да постапувате.

(Реакција на пратеникот Никола Поповски, како и други пратеници на СДСМ).

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Господиен Макрадули имам право на реплика. Ова ми е трета реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Никола Поповски вие не давате збор. Томислав повелете.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

На господинот му благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ванчо Чифлиганец даде јавна обврска дека нема да се јавува, не знам што е сега.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Добро, тогаш се откажувам..

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Значи не е грешка.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван потпретседателе,

Јас навистина сум убеден дека ова е закон кој не треба да се донесе. Свесен сум дека пратениците од позицијата ќе гласаат за законот по инерција и дека и Министерството за финансии по инерција кога е понуден ваков кредит не го одбива, меѓутоа навистина мислам дека апсолутно е депласирано во ваква економска ситуација во која се наоѓа Република Македонија прво да се задолжуваме во странство со проекти кои ни од далеку не е јасно за каков развој

на Република Македонија ќе придонесе. Тоа впрочем не било јасно ни во Министерството за локална самоуправа, ни во Министерството за култура кои ќе бидат оние кои ќе го носат кредитот. Тие и во самиот текст на образложението многу кофузно образ-лагаат за што ќе се насочат парите. Замислете на пример помеѓу другото пишува дека проектот ќе се фокусира на културното наследство како основа на намалување на сиромаштијата со цел да се создаде синтеза меѓу социоекономскиот развој и културниот и еко туризмот, па, развој на ракотворбите, обнова на старите занаети и заштита на човековата околина. Сега кога ќе размислите на кои ресори се спаѓаат социо-економскиот развој, значи економскиот развој е поделен бар во пет ресори, социјалниот развој во еден ресор, културниот во еден, еко туризмот во еден економски и во еден еколошки ресор, развој на ракотворби, обнова на стари занаети, па уште и заштита на човековата околина. Тоа било целта на проектот и за таа работа ќе се прават планови за подобрување на менаџментот со проектот.

Јас повторно ќе кажам дека не само што ја задолжуваме Република Македонија без никаква потреба, туку јасно станува дека овој кредит ќе повлече уште еден милион германски марки од Буџетот на Република Македонија без никаква потреба за администрирање во администрацијата која Владата секојдневно не убедува дека треба да се намали. Помеѓу другото господине потпретседателе пред само два ипол часа вашиот претходник, господинот Андов го симна од дневен ред законот за државните органи на управа со кој предвидува еден орган на управа да се укине, тоа е Заводот за судски вештачења со цел рационализација, а веќе во овој закон за задолжување велиме дека за да се земе кредитот треба да се обезбедат 600 илјади американски долари за целокупната имплементација на проектот од Буџетот со тоа што во Министерството за култура ќе се прави проект на единица за имплементација на овој проект, кое ќе повлече пари. Таа не мора да е само во администрацијата во смисла на нови вработувања. Може да е и на постојните вработувања нови хонорари. Тоа повторно значајно ја зголемува администрацијата. Вие може да имате и нула администрација, ако трошите повеќе пари на хонорари отколку плати тогаш вие повторно имате голема администрација, само што сте ја сокриле зад хонорарите. Ние со овој закон зголемуваме и државна администрација. Повлекуваме во ова скудно време пари за проектни единици на Министерството за култура, кое Министерство за култура, министерката која се разбира не сака никогаш во Парламентот да дојде да ја образложи својата политика. Ја слушаме на радио како зборува дека нема пристап до некои воени реони во Република Македонија, што се случува за богатството, денеска од новини читаме дека министерката фамилијарно тргува со слики вон од Законот на Република Македонија. Значи некои од сликите со кои на фондацијата Благовестие им се предадени, а кои министерката за култура ги купувала преку нејзиниот маж не биле прво проценети од Заводот за заштита на споменици на културата, а се работи за дела на починати великани на македонското сликарство (Личеновски, Пандилов-ски, Мартиновски), фрески, како што пишува и икони од византиска доба. Сега наместо со тие проблеми да се соочи се соочуваме со зголемување на администрација и проект за развој на културата кој ќе се бави со проекти на кои претпоставувам дека на никој од вас не му се јасни за што ќе се земат, а особено што со новиот закон за локална самоуправа апсолутно е некомпатабилно со ваков закон да се третираат општините, како што овој закон сака со странски кредит да ги развива, затоа што тие сега ќе имаат сосема поинаков метод, со поинаква логика на развој.

Прво, станува јасно дека со новиот закон за финансирање на општините или за прераспределба на јавната потрошувачка, прераспределбата на јавната потрошувачка помеѓу централната и локалната власт, во локалните власти ќе одат огромни средства не само од даноците, туку и од придонесите. На пример придонесите за здравство со цел таму да се овозможи пример на здравствена заштита и кога ќе видите какви средства насочуваме за развој на општината ваков развој станува едноставно невозможен. Можеби бил рационален во моментот кога Владата разговарала со ИДА за склучување на овој договор, тоа било некаде пролетта 2001 година, или можеби пред да избие војната, меѓутоа ситуацијата се менува, но станува војна, настанува имплементација на мировен договор, наста-нува зајакнуваше на концептот на општините, меѓутоа Владата реагира потромо од слон.Не сака проектот од јуни да го разгледа уште еднаш што го има доставено во Собранието на Република Македонија, не сака тука да даде посериозно образложение во што ќе се насочат тие средства, не сака да ги спореди

законите и манифестациите кои паравладино и парәприватно ги прави со политиката која ја предлага овде. И сега што испаѓа господине потпретседателе - дека министрите на пример за култура можат во јавноста да заговараат едно, а во приватноста да спроведуваат друго. Во сите некултурни држави за тоа се поднесува оставка, а да не зборуваме за културните држави каква што треба да е Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро е што господинот Никола Поповски разговараше со мене, не со пратениците.

Повелете госпоѓа Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Господине потпретседателе, јас би сакала, со оглед на тоа што ја водите седницата навистина да го почитуваме Деловникот како Собрание и мојата забелешка е насочена кон вас.

Прво, што му дозволивте на почитуваниот колега, господинот Никола Поповски да зборува вон темата, настрана од она што се однесува за законот, меѓутоа тој се обиде да направи една добра шпекулација за тоа што пишуваат денеска весниците во Македонија.

Се разбира дека тоа негово право, меѓутоа, доколку тема на дневен ред е што пишуваат весниците за нас, или за тоа какви се нашите активности.

Ја повика министерката за култура за чиј ресор, во моментот можеби законот има надлежности, меѓутоа апсоутно нејзиното присуство на е врзано за донесувањето на овој закон, па објави дека таа не сака да дојде и да си ја образложи својата програма. Јас ќе го потсетам дека госпоѓата Самоилова-Цветановска неколку дена по ред доаѓаше на седниците на Собранието, каде требаше да ја образложи Националната програма за култура, меѓутоа, за жал, Собранието не заседаваше и истата немашде можност тоа објективно да го стори. Значи, немаше можност да го стори во времето кога доаѓаше, а беше направено тоа кога таа беше на службен пат. Точно се сеќавам за тоа. Јас не сакам да се ставам во улога на нејзин адвокат и жалам што не е тука, бидејќи истата веројатно ќе ви одговори многу подобро од мене. Меѓутоа, господинот Поповски го сметам за сериозен пратеник и не сметам дека одредени шпекулации кои сеуште не се докажани, или барем СДСМ кој од ниво на една сериозна опозициона партија почна да се занимава со невладини организации, затоа очекувам да постави точка на дневен ред, па тоа да го решиме со факти, а не ова со тоа што како и пишуваат одредени весници, бидејќи се знае во чија служба работат во моментот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас би сакал да се произнесам околу предлогот за донесување на законот и на некој начин да се позиционирам себеси во оваа ситуација која, за жал повторно се оптоварува со маркетиншки елементи.

Со таканаречениот Рамковен договор, јас незнам само зошто упорно се нарекува од Охрид, кога е потпишан во Скопје, многу нешта во Република Македонија ќе бидат на поинаков начин дефинирани. Ако тие работи сакаше да ги укаже колегата Поповски, тоа е во ред, само што, исто така е верно дека Владата реагира тромо, што може да е точно. Но, јас мислам дека поголема тромост од Собранието нема, во нашата држава, а сеењето недоверба кон институциите на некој начин е и обезвреднување на државниот систем. Оттука, неможам да се согласам, однапред да се тврди дека задолжувањето по основ на овој кредит Република Македонија ја враќа назад или пак на друг начин во Република Македонија администрацијата или министрите владеат по сопствено видување. Доколку ние сме забележале дека Собранието недоволно ги следи нештата, недоволно е присутно, еве да кажеме во собирањето на средства во Буџетот, исто така околу начинот како тие се трошат, или пак на кој начин кредитите и заемите од странство се користат, јас мислам дека тоа најнапред е една негативна оценка за работата токму на членовите на Собранието. Забелешки се можни и веројатно при соодветна анализа ќе се покажат и грешки. Но, упатно би било еднаш, еве веќе 11-та или 12-та година имаме плурален парламент во Република Македонија, па би било упатно Собранието да ги следи таквите активности, па преку посебна комисија. Доколку дозата на недоверба е толкава, како што слушаме од говорницата кон извршната власт, јас мислам дека тоа нема никј да го кочи, дека никој нема да стави забелшка на тоа да се испитаат поднесените барања, апликации за добивање средства од вакви кредити, кај банките. Инаку мислам дека генерално,

кон банките или кон работењето на банките или деловните и Народната банка, овој Парламентот се однесува како да е на друга планета. Кој беа каматите од 1993 година наваму, како тоа влијаеше на разнебитувањето на стопанството во Република Макддонија, кои се тешкотии ги имаа луѓето кои поднесуваа проекти за да добијат финансиски средства од некоја банка која, еве, е во милост кај извршната власт и преку неа доделените кредити од други влади или агенции се ефектуираат. Тоа никој не го осветлува.

Јас го потврдувам донесувањето на овој закон за кредит и сметам дека проектот за развој на општините и културата не е толку демодиран, не е толку назад од времето. Исто така сметам дека егзекутивата ќе најде начин трошењето на тие средства да ги прилагоди, да кажам, на новата реалност. Однапред да се даваат квалификации дека тоа ќе биде самоволно користено, мислам дека нема добра намера и дека нам како луѓе врз кои е пренесен народниот суверенитет не ни дава добро поведение.

Конечно, тие елементи што се наброени, а сепак вложен е труд и да се искамчи договор односно кредит, а исто така и да се конципира проект, трудот што е таму поставен зборува за нови духови или за нови ветрови во културата. Конечно, амбиенталното живеење, заштитата на животната средина, негувањето на културното наследство, па нека биде тоа градителско, па нека биде тоа традиција, нека биде тоа мелодија, таквата заштита и заштитата на околината меѓусебно се поврзани. Ние живееме во постиндустриски период, ние живееме во услови кога поголем дел од услугите се случуваат во терцијалната сфера, не директно во производство. Мислам дека обидот, па еве со толкави средства што тука се конципирани, обидот да се отпочне нов начин, нов стил на работење или новини да има на тоа поле е за поздравување, не за ваква осуда. Ако некој има проблеми да го сфати или пак да го преживее или пак да се помири со одржување на бал на фондација Благовестите, добро е тоа да го каже на друго место, не при ваква пригода. Доколку имало злоупотреби од страна на Министерството за култура, почнувајќи од самиот министер и тоа може да биде кажано на соодветен начин. Но, чисто со наведување на тоа што пишува во весници, и тоа да се земе за здрава вистина, јас мислам дека е нездраво. Ние или мнозинството од нас присутни, а и тие кои веќе не се во Собранието, кои не се во владин кабинет, биле мета на пишување по весниците. Барем на нас ни е познато колкав е степенот на верноста во тие написи, барем што се однесува до нас лично. Сега такви пишувања да се користат од Собранието за атак, јас неможам ни со тоа да се согласам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Никола Поповски се јавува за збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Бошков, веднаш да ви соопштам дека би било навреда за мене ако се согласите со мене, кога ја поддржувате оваа власт.

Инаку, за министерката за култура, мене ми е јасно дека на светот се поважни сите други работи отколку да се присуствува на седници на Собранието, па макар и на таква на која нејзиното парламентарно мнозинство не може да обезбеди кворум и уверен сум дека денес од неа не можеме да добидме никакво образложение. Меѓутоа, сум уверен дека исто така дека вечер на некои "хуманитарни активности" ќе ја видиме на вестите во 20,оо часот.

Она што сакав да го кажам е исто така дека во последно време, според тоа како се одвиваат настаните во владеачката партија и политиката која таа ја продуцира.......

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Никола Поповски, во кој член од законот ова го пишува и ова го расправате. Имаме претрес по текстот на Предлогот на законот. Прочитајте ми во кој дел од Законот го пишува тоа. Ако имате да кажете нешто за текстот на Предлогот на законот, повелете, ако не, седнетеси.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Зборувам за текстот на законот и за една опаска упатена до мене од госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Значи, реплика е тоа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Спојте ги двете заедно.

Бидејќи беше кажано овде, дека госпоѓата Марковска се надева дека јас сум сериозен кога настапувам, сакам да кажам дека мене многу одамна судот на

пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, за тоа дали сум сериозен или не, не е битен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Мислите дека твоето е битно за нас. Немојте така. Нема смисла.

Ве молам одете си на место. Не говорите за текстот на законот, а се јавивте да зборувате за тоа. Седнете си на место, инаку ќе го исклучам микрофонот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ако ми одземете збор ќе си одам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе си одите, него што. Повеќе нема потреба. Говорете за текстот на законот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, можам да констарирам дека вие во моментот ја злоупотребувате својата функција на претседавач.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Никола, ве молам во кој член не сте задоволни во текстот на законот. Ако тоа не го кажете седнетеси.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Како ќе кажам кога вие на секоја втора реченица ми упаѓате во збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не е реченица. Овде во законот не пишува за Марковска.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Тоа беше реплика за Марковска.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Разберете еднаш. Вие сте многу силен пратеник, за вас никој не е битен.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, имам збор или немам?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Немаш.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ми го одземате зборот?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви го одземам. Седете си на место. Има до каде некој може. Знаете дека и јајжето има живци, затоа пука. Срамота. Има збор пратеникот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, мислев дека треба малку да ја смириме работава. И не е срамно ако се зборува надвор од темата. Мислам дека ќе беше упатно да слушнеме што размислува СДСМ и требаше да го ислушаме господинот Никола Поповски. Ако не го слушнеме сега Никола Поповски, тоа директно ќе го слушневме на А-1 вестите и на Сител

(Реакции во салата)

Јас би дискутирал по предлог законот затоа што беа изнесени малку невистини за тоа што некој сакаше да каже дали по овој предлог закон што значи задолжување на Република Македонија, кои средства ќе бидат наменети за ........

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам зборувајте за текстот на законот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Дозволете господине потпретседателе.

Средствата ќе бидат наменети за единиците на локалната самоуправа и за културата. Тоа е чиста фарса и демагогија дека единиците на локалната самоуправа, како што е расположението во Собранието, ќе се донесе законот и единиците на локалната самоуправа ќе имаат средства, ќе течат средства во изобилие и ќе незнаат градоначалниците и советите на општините што да прават со средствата. Тоа е чиста класична демагогија. Од таа работа нема да има ништо, затоа што законот ќе профункционира некаде во 2004 година. Значи, општините од онаа замислена локална самоуправа, со голема децентрализација и враќање на ингеренциите во локалната самоуправа, ќе помине доста голем период. Тоа е добра шанса барем нешто во општините на заживее.

Сега кој прв почна.

Ако се враќаме наназад со години кој се што направил и ако сега правиме анализи ......

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа оставете го за друг закон. Дајте сега зборувајте за текстот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Зошто го апострофирам ова. Затоа што мимо законот се сака да се протурат некои размислвуања, деновиве и многу години наназад кој ја задолжил Македонија, кој направил толкава невработеност, кој го донел Законот за приватизација, кој сега ќе го врати Законот за нова национализација. Мислам дека тоа не држи вода. Овој народ не може да

заборави што се случи. Дали оваа власт работи добро или не, постојат избори, на изборите народот ќе се произнесе, а дали некој направил поголемо невработување, ние тука сме добар дел на пратеници кои се сеќаваат наназад 10-тина години. Знаеме како поминаа јавните набавки ..................................

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, не е тоа на дневен ред.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Да, но мораме еднаш да го кажеме тоа, бидејќи постојано со тоа се занимаваме. Точно е дека сум надвор од темата ама сум во Собранието. Ние мораме еднаш да ги отвораме картите. Доста го лажеме народот. Некој му мислел на народот за тутунот, а еве сега плаќа тутунот. Наводно направил некој бал. Можеби сум јас против тој бал, арно ама господинот Бошковски направи шема ги покри и тоа плукање во А-1 и Сител.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, ќе ви исклучам микрофонот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Мораме ние да зборуваме. Како да дојдеме до законот ....

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Престанете сега.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Тогаш за законот да зборуваме. Дајте за законот да зборуваме. Вие не давате до законот да дојдеме.

Оваа држава колку е задолжена и колку има виновници, па овие треба да ги судиме по 1000 години, а не по 100 години.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, ќе ви го исклучам и на вас микрофонот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Исклучете ме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако така продолжите, ќе ве исклучам.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Како да продолжам. Треба да кажеме, како можеме да кажеме, законот е добар, го донесуваме законот. Како мислите вие.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, немојте повеќе така. Ќе ви го исклучам микрофонот. Дали некој друг бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, вие може да ми одземате збор колку сакате, јас тоа ќе го почитувам се додека вака ја водите собраниската седница. Меѓутоа, сега пред да земам збор за дискусија, сакам деловнички да констатирам дека имате субјективен однос кон членовите од опозицијата и им одземате збор без никаква потреба, затоа што јас по Деловникот имам право во исто време да земам збор и за дискусија и за реплика и немам потреба да образлагам во кој дел ми е дискусија, во која реплика. Меѓутоа, вие тоа право го злоупотребивте.

Сега, би сакал да дискутирам за тоа што ме прекинавте.

Сега ќе ме прекинете или не?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако говорите по текстот на законот, не, а за друго веднаш ќе си одите на место.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас ќе говорам за тоа што сакам и вие ќе ме слушате.

Во овој проект, проект за развој на културата, за чиј ресор е надлежна госпоѓата министерка за култура, се нуди странски кредит чиј дел треба да се вклучи за изработка на национален регистер на културно богатство.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Поповски, зборувајте за тоа која одредба не чини.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Од законот читам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Што му е маната? Дајте предлог. Амандмански решаваме. Не е тоа општ претрес. Разбирате ли. Не е општ претрес. Ако говорите така, пак ќе си одите на место.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, по завршување на амандманскиот претрес, вие отворивте повторно претрес и тој не е амандмански. Мене ми е жал што не го познавате Деловникот и ми е жал што не можете да препознаете дека читам делови од законот на оваа говорница и ми викате зборувајте за законот. Јас токму

читам делови од законот. Меѓутоа, мислам дека ова е невозможна ситуација, ние да расправаме, ако вие незнаете за што расправаме и на нас ни го одземате зборот. Во законот пишува дека кредитот ќе биде наменет за изработка на национален регистер на културно наследство. Националниот регистар на културно наследство подразбира дека ќе биде имплаентиран преку Министерството за култура. Сега имам ли право да зборувам за Министерството за култура, за кого се однесува кредитот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Имавте општ претрас. Ме разбирате ли? 0вде е текстот на законот. Еднаш сфатата што е црвено, а што е бело.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

За што можам јас да разговарам кажете, ако не за текстот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дајте амандман, па оправдувајтего. По амандман можете да говорите.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандманската расправа е затворена господине потпретседателе. Ве молам средетесе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако е амандманска, по што зборувате

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

По текстот на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Па има ли разлика помеѓу амандман и текст, човеку, разбирате ли вие. Правите ли разлика што е основно.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпреседателе, мене ми е навистина жал. Текстот на законот го читам.

Јас би ве замолил да не навредувате никого и второ да ги ислушате пратениците заради кои се наоѓате на тоа место. Го читам законот дека делови од кредитот се насочуваат за изработка на национален регистар за културно наследство. И сега отворено прашувам, зошто министерката за култура не е тука за да објасни во какви проекти тие ќе се насочат и едновремено да објасни од кои причини во нашата држава се случува Министерството за култура да нема список, односно регистар на културното наследство за да знаеме на пример ако на некоја парадржавна лицитација се продоваат слики на национални сликари, мислам сликари од оваа нација и за кои ние немаме регистар дали се тие вредни да се чуваат во Заводот за заштита на културното и историското наследство на Република Македонија. Ако министерката за култура не е спремна тоа да го образложи, ја повикувам ни да не влегува на аудиции каде што се прави промет незаконски на такви уметнички предмети, или овде кажани, културно наследство за што треба да се земе дел од проектот и едновремено да се трошат пари за нешто што е очигледен пропуст на Министерството за култура, а тоа е не може да го контролира својот ресор. Законот има таков пропуст заради што овој закон не треба да се донесе. И токму тоа говорам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дајте амандман. По амандман можете да говорите.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Па нашата пратеничка група не е за тоа со амандман да се поправи законот, затоа што ви го кажавме ставот дека сме против законот во целина. И за тоа сега дискутираме зошто законот во целина со текстот каков што е пред усвојување со оглед дека е во две фази не треба да се гласа. Токму тоа ви говориме. Меѓутоа, господине потпретседателе немам да Ви земам за зло, имам впечаток дека денеска сте нешто индиспонирани, не сте во ситуација да ја водите седницата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вашата болест лечете си ја сами, вашето неразбирање лечете си го сами, ако не знаете одете на школо.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Почитуван потпретседателе, бидејќи често пати беше споменувана министерката за култура, а би било и пожелно да објасни некои работи, тогаш јас во име на пратеничката група на ДПА барам пауза од еден час, ако се сложуваат и другите колеги, или пак утре да продолжиме. Така што да не оставиме простор пред јавноста дека одредени членови на Владата се неодговорни во однос на тоа што расправаме на оваа седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ја прекинувам седницата.

Седницата ќе продолжи утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина со 17,20 часот).